# Усвоен Извештај за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост (2016-2018)

**Скопје, 18 јуни 2019** – На вчерашната 25-та седница, Советот на Агенцијата го усвои Извештајот за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост, за периодот 2016-2018 година.

Во Извештајот се опфатени сите активности кои регулаторното тело ги спороведе согласно двегодишната Програма, како и активности кои во перспектива би придонеле за зголемување на достапноста до програмите за лицата со попреченост.